# п л а к а®т

работнички универзитет јоска свештарот струмица април 2004 изложба плакати марјан ѕин

изложбата на плакати на марјан ѕин актуелизира едно прашање кое во исто време е и естетичко и антрополошко. тоа е прашањето за почетоците, поточно речено, прашањето дали на почетокот бил зборот или сликата. на лапидарно изречената констатација во Светото писмо дека на почетокот бил зборот може да ѝ се спротистави констатацијата дека на почетокот била сликата. изобилието од слики кои човекот ги 'складирал ' во својот ментален простор била првобитната причина тие слики да најдат свој материјален израз во зборот.

тоа двојство, таа антиномија помеѓу зборот и сликата наоѓа израз во плакатите на марјан ѕин. на неговите плакати визуелниот елемент е придружуван со кратки, гномично искажани зборовни состави. кога би ги отстраниле зборовите визуелниот елемент би можел да функционира самостојно. и обратно.

општа рамка на неговите плакати е глобализмот, глобализацијата, поправо речено симболите и знаците на тој глобализам. од преголема употреба тие знаци и симболи постепено станале семантички празни; тие имаат форма, но немаат содржина. иако првобитната замисла на креторите на тие симболи и знаци била тие да бидат своевидни репери за хуманоста, тие денес, после преголема употреба, станале музејски реликти. во своите плакати марјан ѕин тие симболи и знаци ги подложува на едно иронично и критичко видување.

логото на обидинетите нации, знакот петокрака-ѕвезда, знакот-силуета на Исус Христос - сето тоа се знаци преку кои човекот се обидувал, во глобални рамки, да ги оствари своите замисли за овоземен рај, за воспоставување на светското царство, за враќање кон ' златното доба'. и кога тие знаци се појавуваат на плакатите на авторот, придружени со зборовен коментар, ние не можеме да ги примиме поинаку освен како смешно-тажни реликти на човековите утопистички замисли.

на иронично и критичко видување во неговите плакати се подложени и антимилитаризмот, антирасизмот и социјалната правда. тие толку прокламирани вредности на новиот, глобален поредок во реалноста или остануваат на ниво на декларативност или многу малку функционираат.

естетичкото кредо на марјан ѕин е дека уметноста не е само естетски, туку и етички феномен.

аცо гогов

VIRUS.



роден сум во струмица 1976 година. дипломирав на националната ликовна академија во софија бугарија. отсек плакат. во моментов сум на пост-дипломски студии на истата академија истиот отсек. ова ми е петта самостојна изложба. првите четири се овие:

**1997** струмица мал градски парк. **1999** струмица галерија р.у. **2000** софија бугарија галерија 100+1. **2002** крџали бугарија градска галерија круг.

сум учествувал на повеќе групни изложби сликарство плакат и калиграфија во струмица софија солун женева
во моментов физички егзистирам на ул ленинова 56 2400 струмица македонија а виртуелно на m_dzin@hotmail.com

марјан ѕин




**LAST FOOD**

over 15.000 people in macedonia find their meal in the trash bins




DONT TALK
WALK


SMALL STEP FOR THE MANKIND. BUT GIANT FOR US

stop the war. drink beer.

globbylisation

globalisatiON

globalination

globalistation

globillisation

glo ball isation

globalisationglobalisationglobalisationglobalisationglobalisationglobalisationglobalisationglobalisationglobalisationglobalisationglobalisationglobalisationglobalisationglobalisationglobalis

марјан ѕингаров го познавам од 1998 кога дојде во националната ликовна академија како студент во отсек плакат каде што предавам. низ годините тој не само што го разбра и усвои карактеристичниот и лаконичен јазик на плакатот и визуелната комуникација, туку и изгради свој сопствен стил. неговите плакати се одликуваат со голема 'штедливост' на бојата и формата, а композициското решение е максимално потчинето на основната идеја. марјан има исклучителен афинитет кон текстуалниот плакат и постигнувањата во таа област на графичката уметност силно влијаат и лесно се паметат. освен точниот и јасен визуелен јазик, тој е уметник со категорична позиција далеку од конјунктивните сообразувања. во плакатите на ѕин се концентрирани основните процеси кои протекуваат во нашето секојдневие и благодарение на неговата чесна позиција и интелигентен визуелен исказ, тие не се формален регистратор на проблемите на современиот свет, ами творби со високи уметнички квалитети и идејни постигнувања.

**доц. георги јанков** катедра плакат ликовна академија софија бугарија

еднаш се запознав со марјан ѕингаров. потоа го набљудував уметникот ѕин. сега сум пријател едноставно на ѕин.
првиот беше редовен студент од македонија. вториот беше класичен пример за уметник кој слика, прави изложби и тоа беше доволно за да се чувствува добро. третиот е човек кој осознал дека уметноста може да биде и мисловен процес.
мислечкиот ѕин создава дела окарактеризирани со силни идеи, минималистички изразни средства и категорична социјално-човечка насоченост. денес тој знае дека нема ништо поважно од искреното споделување на уметноста меѓу пријатели кои мечтаат да разберат и да бидат разбрани, затоа што тие можат да мислат, можат да чувствуваат и да го сакаат животот.
а друго и не е потребно.

**д-р николај младенов** катедра плакат ликовна академија софија бугарија

UNable

министерство за култура на република македонија

**издавач** работнички универзитет јоска свештарот **директор** стојан дончевски **одговорен уредник** глигор беќаров **печати** дизајн батев **графичко обликување** марјан ѕин
**тираж** 300 примероци